# OHRIDNEWS.com

информирај се

## 17 ГОДИНИ

## ГОДИШНА РЕВИЈА НА НАСТАНИ 2023



Среќни ПРАЗНИЦИ!

hotel CINGO
Печатница Коста Абраш
Sv. Sofija traditional restaurant
ASPPAK
PE LOGISTIC


стоматолошки центар
Д-р БАТКОСКИ
најдоброто за вашите заби
@dr_batkoski
@Dr.Batkoski
YOUR CLEAR ALIGNER
Dr. BATKOSKI
DITRON IMPLANT CENTER
Dr. BATKOSKI
СРЕЌНИ ПРАЗНИЦИ ОД СТОМАТОЛОШКИ ЦЕНТАР Д-Р БАТКОСКИ


Среќни Празници!
аптеки
Виафарм
во служба на вашето здравје
www.viafarm.mk
со еден клик до Вашиот
посакуван производ!
@ViaFarmApteki
@via_farm

# 17 ГОДИНИ ДОВЕРБА



Пред седумнаесет години само околу 10 проценти од населението во Македонија имаше пристап до интернет. Традиционалните медиуми беа главен извор на информирање, а онлајн медиуми не постоеја. Тоа се промени на 7 декември 2006 година, кога официјално беа објавени првите вести на „ohridnews.com“, со што официјално почна со работа Првиот информативен портал во Македонија.

Седумнаесет години подоцна интернетот е прв извор на информирање. Онлајн е речиси секој граѓанин, а информациите се подостапни од било кога. Денес во земјава постојат над 300 онлајн медиуми, во регионот дузина, но OhridNews остана препознатлив симбол за објективно и професионално информирање со висок степен на доверба. Потврда на тоа се илјадниците лојални читатели и бројните задоволни клиенти кои веќе 17 години со успех ги промовираат своите услуги и производи на креативните платформи на OhridNews.

Да се биде „чекор пред сите“ не беше лесно ниту пред 17 години, не е ни сега. Тоа е мотото кое не влече напред низ годините. Свесни за предизвиците кои ги носи новото време, остануваме цврсто на определбата својот имиџ да го градиме со професионален однос кон работата, почитувајќи ги етичките и еснафски норми во известувањето врз база на точни и проверени информации – предизвик пред кој денес се исправени медиумите во онлајн просторот, но и воопшто.

Декември е месец на празници, убави моменти, но за и сумирање на впечатоците од годината која полека изминува. На страниците кои се пред Вас, ги издвојуваме настаните кои ја одбележаа оваа година и успешните охридски приказни во 2023-та.

Ви благодариме што 17 години не следите со доверба.

**Горан Момироски**
**Основач и гл.уредник на порталот OhridNews**

**„Охрид 2023“ - „Годишна ревија на настани 2023 - БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ“**

**Издава:** Друштво за интернет портали „Нимо – Охридњуз“ дооел Охрид

**Главен и одговорен уредник:**
Горан Момироски

**Новинари:**
Горан Момироски
Наташа С. Јованова

**Графички дизајн:**
Антонио Стаматоски

**Фото:**
Анамарија Момироска

**Техничка поддршка:**
Бобан Стојаноски

**e-mail: contact@ohridnews.com**

**Тираж:** 2000 примероци

**www.ohridnews.com 2023 - Сите права задржани**

**Печати: „Коста Абраш“ - Охрид**

## Замина проф. д-р Наум Целакоски

Во јануари 2023 година светот го напушти уште една охридска легенда. Замина во вечноста проф. д-р Наум Целакоски, еминентен професор по македонски јазик во Охридската гимназија, долгогодишен директор на Историскиот архив, а потоа и универзитетски професор по културно наследство и декан на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.



## Бадникова литија по две години во Охрид

Околу 800 деца од општините Охрид и Дебрца зедоа учество на Бадниковата литија што се одржа на 6 јануари низ улиците на Охрид, во очи празникот Божиќ. Манифестацијата се одржа по пауза од две години поради пандемијата со Ковид 19, со што е возобновена оваа децениска традиција.



## Гостилница „Мече“ – Десет години успешна угостителска приказна

На Божиќ пред 10 години, започна успешната приказна на Гостилница „Мече“, денес еден од најпознатите угостителски објекти во Охридскиот регион. Деценија подоцна оваа гостилница прерасна во реномиран угостителски бренд, каде со задоволство свратуваат како охриѓани, така и гости од целата земја и пошироко.



## Светиот крст во рацете на Васко Довлев од Варош

19-годишниот Васко Довлев од Варош го фати крстот што на празникот Богојавление Водици беше положен во осветените води на Охридското Езеро. -Едноставно во раце ми дојде, чувствував дека е за мене, рече Довлев. Тој следниот ден ја предводеше тајфата на зимското капење на рибарите.



## Тепачка во Охрид ги залади Македонско – бугарските односи

На 19 јануари околу 22.30 часот, по кратка расправија пред угостителски објект на кејот, физички бил нападнат охриѓанецот Христијан Пендиков, тогаш секретар на контроверзниот бугарски културен клуб „Цар Борисс III“. Инцидентот доби политички димензии и ги залади односите помеѓу официјално Скопје и Софија.



## Сашо Недески реизбран за директор на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“

Со одлука на градоначалникот на Општина Охрид Кирил Пецаков од 25.01.2023 година, Сашо Недески, професор по математика, е реизбран за директор на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ од Охрид. Недески успешно ја извршува функцијата долги години. Под негово раководство Електромашинскиот училишен центар изминатите години бележи голем развој, постојано се модернизира и се подобруваат условите и квалитетот на образованието.





## Книгата „70 Години Библиотека ‘Григор Прличев’- Охрид“- хроничар на едно време

Настани, активности кои се случувале во секојдневното работење на НУ Библиотека „Григор Прличев“, промоции, средби, меѓународни комуникации, се опишани на 180 страници во книгата „70 Години Библиотека ‘Григор Прличев’ - Охрид“ од авторот Милчо Јованоски, која беше промовирана на 3 февруари во „Прличевата одаја“.



## Врачена наградата „Григор Прличев“

На пригодна свеченост што се одржа во Центарот за култура во Охрид, на поетот Зоран Анчевски му беше врачена наградата „Григор Прличев“ за најдобро поетско дело за 2022 година. Неговата поема „Коњски житија“ беше избрана на конкурсот за најдобро авторско поетско дело што секоја година се распишува во чест на славниот охридски и македонски преродбеник Григор Прличев.



## Охрид солидарен со Турција

Топла облека, ќебиња, храна, обувки, хигиенски средства донираа граѓаните на Охрид за жителите од југот на Турција и Сирија кои на 6 февруари беа погодени од катастрофален земјотрес кој однесе десетици илјади животи. Општина Охрид од буџетот издвои 600 000 денари, додека општествено одговорната охридска компанија „АСП ПАК“ испрати шлепер вода до настраданите подрачја каде на помош заминаа и осум пожарникари од Охрид.



## Кирил Пецаков избран за претседател на Советот за развој на Југозападниот плански регион

Градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков, во февруари едногласно беше избран за претседател на Советот за развој на Југозападниот плански регион со мандат од една година, согласно Законот за рамномерен регионален развој. Потребно е мобилизирање на сите субјекти со цел да се надминат проблемите во функционирањето на локалните самоуправи, истакна по изборот Пецаков.



★★★ хотел
Чинго









hotelcingo.com.mk I +389 (0) 78 352 571 I hotelcingo@t-home.mk

## Револуционерна операција во болницата „Свети Еразмо“

Во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо“ во Охрид беше извршена првата операција на р’бет, со употреба на најновата генерација роботски микроскоп. Со над 120 вертебролошки и операции на нерви и на отворен мозок болницата „Св. Еразмо“ е рамо до рамо со Клинички центар Скопје.



## Охрид домаќин на историска средба за решавање на косовското прашање

Во месец март во Охрид, со посредство на меѓународната заедница, се одржа средба на претседателот на Србија, Александар Вучиќ и премиерот на Косово, Албин Курти, со што продолжи дијалогот Белград – Приштина за решавање на едно од најжешките политички прашања на Балканот.



## Во Охрид се продуцираат видеа за најпознатите светски брендови

Охридската продукција „Digital Box“ изработува видео креативи за светски познати компании како интернет гигантот „Google“, глобалниот сервис за плаќање „Pay Pal“, вредната автомобилска марка „BMW“ и многу други, поставувајќи го Охрид на мапата на креативната индустрија во светот.



## Виолината на Садило изложена пред јавноста

Виолината од најпознатиот охридски трубадур Климе Садило во месец март беше изложена во Куќата на Робевци. Според неофицијални проценки, виолината на Садило е изработена во Германија околу 1880 година и е во добра состојба. Со реализација на овој проект исполнета е последната желба на Климе Садило – виолината да остане во Охрид.



## Охрид и Париз го чествуваа големиот научник Анастас Коцарев

Во март во Париз беа одржани неколку манифестации посветени на ликот и делото на големиот македонски онколог и научник д-р. Анастас Коцарев, а по повод 113-годишнината од неговото раѓање и 92-годишнината од упокојувањето. Тој бил еден од пионерите на радиотерапијата и радиографијата, а работел на изнаоѓање лек за ракот со примена на радиум во соработка со славната Марија Кири - Склодовска.



## Престана со работа контроверзниот бугарски клуб во Охрид

На 30 март министерот за правда Кренар Лога го потпиша решението за неусогласеност врз основа на добиеното негативно мислење од Комисијата за употреба на имиња на личности за употреба на името Цар Борис III во називот на Здружението за афирмација на културните вредности на македонските бугари „Цар Борис III“ во Охрид, со што тоа и формално престана да постои.






## ЈУНП „Галичица“ доби нов директор

Со одлука на Владата, Александар Бузлевски во месец април беше назначен за в.д. директор на ЈУ „Национален Парк Галичица“ – Охрид. Тој дојде на функцијата на местото на Александар Миљовски откако тој беше разрешен од должноста в.д. директор на ЈУНП „Галичица“.



## 10 години НАТГ „Аматер“

Со премиерна изведба на театарската претстава „Чернодрински се враќа дома“, по текст на Горан Стефановски, Независната Аматерска Театарска Група „Аматер“ одбележа 10 години постоење. Претставата ја режираше Јован Цветкоски, а играа Томе Укоски, Леа Новеска-Цекиќ, Димитар Назифоски, Јован Цветкоски, Илија Трале Левески, Глигор Велјаноски и Ема Алекс.




## Отстранета фонтаната од плоштадот кај Чинарот

Во месец април беше отстранета фонтаната од плоштадот кај стариот Чинар, донација на некогашна „Охридска банка“. Како што соопшти Општина Охрид, отстранувањето е извршено во рамки на подготвителните активности за реконструкција на плоштадот кој треба да добие нов изглед, за што ќе се потрошат 47 милиони денари.



## Огромно знаме во центарот на Охрид

Охриѓани од Стар град поставија 40 метарско знаме на бедемот од Самуиловата тврдина кај Долна порта, во знак на поддршка за обвинетите за случувањата од „27 април“ во Собранието. Подоцна, иницијаторот на акцијата, адвокатот Тони Менкиноски, заработи кривична пријава и беше покренат судски процес против него.



TOP market

Гостилница Боем

основана 2017г.

exploreohrid.mk

## Ученици од Охрид најдобри на „Балкан Јуниор 2023“

Учениците од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Бојан Петроски - Техничар за производно машинство и Наум Алачоски - Техничар за компјутерско управување, под менторство на професорите Наташа Јанкоска Китани и Ангеле Буџакоски, го освоија првото место на меѓународниот натпревар од областа на електротехниката и мехатрониката „Балкан Јуниор 2023“ што се одржа Црна Гора.



## Плажите на Охридско Езеро повторно издадени под концесија

По пауза од две години, на јавно наддавање што се одржа во месец мај, под закуп беа издадени дел од плажите на охридската ривиера, а врз основа на јавен повик за поставување урбана опрема – покриени и непокриени шанкови со локации на подрачје на Општина Охрид за период 2023-2026 година, што го распиша локалната самоуправа.



## Охриѓанка меѓу десетте најуспешни жени менаџерки за 2023

Ангела Јолакоска од охридската компанија „АСП-ПАК“ се најде меѓу десетте најуспешни жени менаџерки за 2023 во изборот на агенцијата „Марили“. Манифестацијата оваа година се одржа по 27. пат и е најстар проект на Балканот за поддршка, промоција, поттик и охрабрување на жената во бизнисот и нејзините успеси како менаџер, лидер и претприемач.



## Виктор Мизо избран за претседател на Советот на странски инвеститори

На пленарна седница на Собранието на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на С. Македонија за престедател на Советот беше избран охриѓанецот Виктор Мизо, генерален директор на Костал Македонија, додека Никола Љушев од Македонски Телеком, исто така охриѓанец, и Волфганг Мајер од ЕВН Македонија беа избрани за потпретседатели.



KARMEN
baucentar

BEKAMENT | KNAUF | MARAZZI
SWISS KRONO | NEO TON | MAPEI
URSA uralita | DEWALT | STANLEY
BOSCH | SOUDAL | VELUX




Следејќи го светскиот тренд во градежништвото и општо во работењето, Кармен Бауцентар разви нова приказна во своето постоење.
Напорната работа, доследност, воведување на свежи идеи и модерни производи во нашата продажна програма, тимска работа, млади тимови, долгогодишно искуство на водечките позиции, јасна организациона структура, исполнувањето на потребите на клиентите и уште низа фактори се клуч на нашиот досегашен успех кој нé мотивира да ги достигнеме поставените цели и да ги реализираме нашите планови и идеи за во иднина.
Вашиот дом и деловен простор заслужуваат модерен и урбан изглед.
Кармен Бауцентар Ви посакува добредојде во светот на модерното градежништво.







Baucentar Охрид ул.. Железничка бр.3 тел / факс: +389 46 258 285 / info@baucentar.mk
Baucentar Скопје ул. Качанички Пат бр.250 тел: +389 2 3096-030
Baucentar Штип ул. Гоце Делчев бр.26 тел: 070 210 818

## 17 години интервентна кардиологија во Охрид

На 21 јуни пред 17 години беше направена првата интервенција во тогаш новоотворената катетеризациона сала во охридската Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања „Св. Стефан“ во Охрид, единствена таква во државата надвор од Клиниката за кардиологија во Скопје. Воведувањето на интервентната кардиологија како дејност, значеше почеток на нова етапа во развојот на оваа установа.



## Охрид ги поврза МПЦ и СПЦ

Света архиерејска литургија се одржа во црквата Света Софија во Охрид по повод годишнината од врачувањето на актот на Соборот на Српската православна црква (СПЦ) од страна на српскиот патријарх Порфириј на архиепископот охридски и македонски г.г Стефан, со што се стави крај на 55-годишниот спор меѓу двете цркви. Со литургијата чиноначалствуваа поглаварите на МПЦ – ОА г.г. Стефан и на СПЦ г.г. Порфириј придружувани од епископи од двете цркви.



## Охрид повторно авионски поврзан со Белград

Во јуни беше возобновена авиолинијата Охрид – Белград. Авионите на Ер Србија кон и од охридскиот аеродром изминатата летна сезона летаа четири пати неделно. Покрај бенефит во туризмот, линијата на македонските граѓани им овозможува поврзување со многу светски дестинации од аеродромот во Белград.



## Охриѓанец на чело на државната Кардиохирургија

Д-р Марјан Шокаровски во јуни беше назначен за нов директор на Универзитетската клиника за државна кардиохирургија. Охриѓанецот Шокаровски е дел од тимот на клиниката од нејзиното основање. Тој е супспецијалист по кардиохирургија, со повеќегодишно хируршко и академско искуство во оваа област. Раководител е на оперативниот блок, а ангажиран е и како асистент на Медицинскиот факултет - Скопје.








## Второ издание на Фестивалот на виното во Охрид

Охриѓани и туристите во месец јуни уживаа во второто издание на Фестивалот на виното – „Вино фест 2023“ на кој се претставија бројни винарии. Фестивалот и оваа година беше збогатен со квалитетна музичка понуда која го привлече вниманието на јавноста. Вино фестот го означи почетокот на летната туристичка сезона.



## Големо невреме во Охрид

Невреме проследено со обилни врнежи од дожд, град и електрични празнења на 24 јуни го зафати Охридскиот регион. Градот со големина на лешник предизвика големи штети на земјоделските култури, а оштетени беа и голем број автомобили. Поради невремето еден лет кон Охридскиот аеродром беше пренасочен за Тирана.



## 62. издание на Балканскиот фестивал

Оваа година љубителите на фолклорот имаа можност да проследат настапи на ансамбли и културно - уметнички друштва од државата, но и од Словенија, Полска и САД. Балканскиот фестивал на народни песни и игри е најстара манифестација од ваков вид во земјава.



## Жештините ја запалија депонијата Буково

Пожар изби во депонијата Буково, една од најжешките еколошки точки во Охридскиот регион. Чадот од депониојата во вечерните и раните утрински часови можеше да се почувствува и во Охрид, што предизвика бројни реакции во јавноста. Гаснењето на пожарот се одвиваше отежнато со специјално средство со кое беа покриени напластените тони смет. Југозападниот плански регион во кој спаѓа Охрид, се уште нема изградено прописна регионална депонија.



## Почина основачот на колонијата “Дебрца

Во 88 година, во Охрид почина Ѓоко Целески – ликовен уметник, педагог и основач на најстарата ликовна колонија кај нас, “Дебрца”, во Белчишта. Зад Ликовната колонија “Дебрца” стои создателство од платна на над 200 великани во ликовната уметност од земјава и светот, од постарата, но и помладата генерација. Околу 700 уметнички дела се наоѓаат во депото на Колонијата.



## Ретки фотографиите за животот во Охрид во 1940-45

Животот во Охрид пред почетокот на Втората светска војна, за време на војната и по неа беше прикажан на изложбата на фотографии на охридскиот фотограф Јонче Поп Стефанија што се одржа во Куќата на Уранија. Како дел од овој проект беа исчистени, препакувани, дигитализирани и дигитално реставрирани 1.025 негативи од фотографската збирка на Јонче Поп Стефанија, чии наследници ги споделија со пошироката јавност.



## 63. „Охридско лето“

Фестивалот на 12 јули на исполнетиот Антички театар го отвори светската оперска дива Ангела Георгиу, придружувана од симфонискиот оркестар на Националната опера и балет под диригентската управа на Чипријан Теодорашку. 63-то издание на фестивалот „Охридско лето“. донесе 34 концерти и седум театарски претстави, а програмата беше збогатена и со балет, изложби и промоции.



## Креативна стендап револуција во Охрид

Љубителите на комедијата изминатото лето уживаа во настаните што ги понуди петтото издание на „Summer comedy marathon“. Фестивалот кулминација доживеа на 27 јули со шоуто „Best of Balkan“ на преполната летна сцена Долни сарај, каде настапија дел од најдобрите стендап комичари од регионот.





## Почина најпознатата спикерка и радио-водителка во Охрид

Во Охрид на 85 години почина Леонора Чекреџи, легендарна спикерка и водителка на Радио Охрид. Чекреџи својата професионална дејност ја започна во далечната 1964 година токму во Радио Охрид, каде работеше како спикер и водител се до неговото згаснување. Беше исклучителен професионалец во својата дејност, борец за правилната употреба на македонскиот јазик, особено во медиумите.



## Врачена Светската награда за хуманизам

На свечена церемонија што се одржа во Куќата на Уранија во Охрид на 9. август, на професорот д-р Виктор Фридман, еден од најголемите американски и светски слависти, му беше врачена Наградата за хуманизам што веќе 17 години ја доделува Светската академија на хуманизмот со седиште во Охрид. - Охрид бил, е, и ќе остане седиште на мултилингвинизмот, што само ја потврдува титулата што ја носи како центар на светскиот хуманизам, рече професорот Фридман.



## Синтетичкиот глас прозборе на Охридско наречје

По речиси три децении книгата „Жура за Жура“ на авторот Владо Жура доби необично аудио и видео издание благодарение на ентузијастот Климент Симончев, сопственик на ГЕНРЕП компанијата за развој на софтвери и софтверски консултации, која овозможи синтетичкиот глас да прозбори на Охридско наречје. Инаку, книгата „Жура за Жура“, која е своевидна интимна историја на Охрид, оригинално беше промовирана во рамки на Прличевите Беседи во 1995 година.




## Охрид не го заборава Живко Чинго

Во атарот на црквата „Св. Петка“ во село Велгошти, на 13. Август се одржа традиционалната културна манифестација „Вечер на Живко Чинго“, посветена на еден од нашите најпознати литературни великани. На манифестацијата на Иван Антоноски му беше врачена престижната награда „Живко Чинго“ за најдобар расказ на конкурсот што го распишува Општина Охрид.



Rondo Trejd

MONASTERY
WINERY

## 35. Поетска ноќ во Велестово

Јубилејното 35. издание на интернационалниот поетски фестивал Поетска ноќ во Велестово се одржа од 12-ти до 20-ти август на повеќе локации во Велестово, Охрид и во Слоештица. Учествуваа 30-ина поети и уметници од девет земји, а настанот беше проследен од повеќе од шестотини гледачи. Годинава во фокусот беше македонската поезија пишувана од жени. Беше откриена и скулптурата „Раката на поетот“ од Никола Пијанманов, поставена на сретсело во Велестово.



## Прво издание на Охридскиот џез-фестивал

Во организација на Општина Охрид, а со цел збогатување на туристичката понуда со квалитетни настани и манифестации, во месец август се одржа првиот Охридски џез-фестивал. Во предворјето на црквата „Света Софија“ настапија Горан Папаз, Ансамбл „Билјана“ и гостите Танче Гроздановски и Ратко Даутовски, а концерт одржа и Џон И. Апелгрен квартетот.



## Евидентирана нова пештера во Националниот парк Галичица

Во текот на научните истражувања коишто се спроведуваат во рамки на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“, спелеолозите од Истражувачкото друштво „Урсус спелеос“ евидентираа нова пештера во близина на виа-фератата Доброја. Пештерскиот екосистем е зачуван во неговата природна форма, без евидентирани човекови влијанија.



## Охрид 50 години лулка на Македонскиот јазик

Македонисти, балканисти и слависти од целиот свет зедоа учество на јубилејната 50. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, што во август во Охрид ја организираше Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Научните трудови што се презентираат на конференцијата се од непроценливо значење за Македонскиот јазик и држава.




pap
company
СВЕТЛОСНИ РЕКЛАМИ
СЕЧЕЊЕ СО ВОДА • ЛЕД ДИСПЛЕИ • СПОРТСКИ СЕМАФОРИ • ЛАСЕРСКО СЕЧЕЊЕ
www.pap.com.mk


EMILLY
BUTIK
ТЦ АМАМ - Охрид
075/355-727
/Butik Emilly
/butik_emilly_ohrid/

## 14 години од најголемата бродска несреќа

На 5 септември се навршија 14 години од потонувањето на бродот „Илинден“ во Охридското Езеро, при што загинаа петнаесет туристи од Република Бугарија. По тој повод пред спомен обележјето „Солза на Роза“ цвеќе положија делегации на Општина Охрид, на Република Бугарија и граѓански здруженија.



## Откриена спомен плоча на 6-та пешадиска бригада на АРМ

На пригодна свеченост, на 6. септември во поранешната касарна во Охрид, беше откриена спомен плоча на 6-та пешадиска бригада на Армијата на Република Македонија. За развојниот пат на оваа бригада, зборуваше полковникот во пензија и претседател на Здружението на ветераните и резервисти од одбраната и безбедноста на Република Македонија - огранок Охрид, Добре Велјаноски.



## 35. Охридски староградски средби

Традиционалниот фолклорен фестивал што се одржува во организација на Националната установа Центар за култура „Григор Прличев”-Охрид, ги афирмира вредностите на староградскиот мелос и ги обновува старите добри градски музички традиции. Годинава на Охридските староградски средби настапија хорови, пејачки групи и културно уметнички друштва од целата земја.



## „Економско“ на сончева енергија

Значајна заштеда на електричната енергија и намалување на трошоците на училиштето се само дел од бенефитите од новата фотоволтаична централа поставена во средното економско училиште „Св. Кирил и Методиј“ која официјално беше пуштена во употреба на 20 септември. Централата е донација од компанијата ОКТА АД – Скопје, а вкупната инсталирана моќност на истата изнесува 21,8 киловати и може годишно да произведе до 25,5 мегаватчасови електрична енергија, што е значаен дел од енергетските потреби на училиштето.



КАДМО



Веќе цели 17 години
„Кадмо“ креира
спој на иновативноста
и традицијата на
брегот на Охридското Езеро
во старото градско јадро.

Барот, препознатлив по
вековното багремово дрво,
веќе втора деценија е место
на многу приказни и авантури
на гости од целиот свет.

## Сјајни одличја за учениците од РЦСОО „Ванчо Питошески“

Два златни и еден сребрен медал освоија учениците од РЦСОО „Ванчо Питошески“ - Охрид на меѓународниот натпревар на ученици од угостителски и туристички училишта (GATUS 2023) што заврши во Охрид на 1 октомври. На натпреварот учествуваа 15 училишта од земјите од поранешните југословенски републики.



## Мрежи „духови“ закана за Охридско Езеро

Во рамки на кампањата спроведена од 2-ри до 5-ти октомври на локалитети од Свети Заум до полуостровот Градиште, што се реализираше во рамки на пилот проектот на ЈНУ „Хидробиолошки завод“ од Охрид, организацијата „Healthy Seas“ и Нуркачкиот центар „Амфора“, извадени беа 64 „мрежи духови“ кои се опасност за природните рибни плодишта на охридската пастрмка која е загрозен вид.



## Сребрен медал за „Vox Lychnidos“ во Црна Гора

Градскиот мешан хор „Vox Lychnidos“ од Охрид, предводен од диригентот Бурим Хидри, освои сребрен медал на Меѓународниот хорски натпревар што во октомври се одржа во црногорскиот град Херцег Нови. Во конкуренција од 14 хорови со меѓународно реноме охридските уметници го освоија сребрениот медал во категоријата мешани хорови, со освоени вкупно 86 поени.



## Почина поранешниот градоначалник на Охрид Никола Матлиески Пашата

Во 89-та година од животот на 21 октомври почина Никола Матлиески Пашата, поранешен градоначалник на Општина Охрид и познат стопанственик. Никола Матлиески Пашата го водеше Охрид во еден мандат од 1996 до 2000 година. Тој беше и успешен стопанственик во златните времиња на некогашниот гигант „ЕМО“ Охрид и стопанството во Охрид.





ПЕЧАТНИЦА
Коста Абраш

ул. Кленоец бр. 84
6000 Охрид
046 253-622 • 046 253-620
kontakt@kostaabras.mk
www.kostaabras.mk

75
ГОДИНИ
СО ВАС







hotel & spa Tino



## Шест децении грижа за најмладите во Охрид

Со свечена приредба што се одржа во спортската сала „Билјанини извори“, ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ одбележа 60 години успешно работење. Оваа институција и нејзините клонови шест децении водат грижа за најмладите охриѓанчиња, овозможувајќи им на нивните родители непречено да ги извршуваат работните и други секојдневни обврски.



## Почина несудениот инвеститор во футуристичката развојна зона во Љубаништа

Индискиот бизнисмен Субрата Рој, основач на Сахара Груп, почина во Мумбај, Индија, на 75 години по долго боледување. Јавноста во земјава го памти како несуден инвеститор во футуристичката туристичка развојна зона во охридско Љубаништа, охридско, од времето на поранешниот премиер Никола Груевски. Таму тој требаше да гради мега туристичка населба со хотел-казино и аеродром на вода.



## Охриѓанец на висока раководна позиција во ЕУРОКОНТРОЛ

Директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, охриѓанецот д-р Томислав Тунтев, е избран за потпретседател на Привремениот совет на ЕУРОКОНТРОЛ, Европската организација за навигација, управување и безбедност на воздушниот сообраќај. Изборот беше извршен на 60-тото редовно заседание на Привремениот совет, што се одржа на 28 ноември во седиштето на ЕУРОКОНТРОЛ во Брисел.




## Прво списание на Младинскиот центар Охрид

Младински центар Охрид во ноември го објави првото Младинско летно списание „Youth Vibe“. Во него се поместени забавни, културни и спортски настани кои изминатото лето се случија во Охрид во организација на: Младински Центар Охрид, Охрид Џез Фестивал, ВИС Билјана, Охрид трчаТ, Културолошка Иницијатива 5 до 12, Ohrid Water Festival, Ohrid Ultra Trail, ИТК Македонија, Американско катче Струга, Peshtani Extreme Vertical и други.



IN

INCLUSIVE

CABARET





OSTROVO

- SVETI NAUM -

## Јордан Плевнеш добитник на највисокото општинско признание

Поетот, драматург и романсиер, амбасадорот Јордан Плевнеш, е годинешниот добитник на највисокото признание што го доделува Општина Охрид – наградата „Патрон на градот – Св. Климент Охридски“. Наградата му беше врачена на свечена академија, на која беа доделени и Повелби на златната таеквондистка Христијана Парулеска, културната манифестација „Поетска ноќ во Велестово“ и постхумно на познатата радио водителка Елеонора Чекреџи.



## Промовиран документарецот за неофицијалната химна на Охрид

Приказната за создавањето на култната песна „Охрид, Охрид, убав мил“, која се смета за неофицијална химна на Охрид, се раскажува во документарниот филм „Раскажи песно: Охрид, Охрид, убав мил“ на режисерот Илија Пиперкоски, кој премиерно беше прикажан во рамки на чествувањата на празникот Св. Климент Охридски – заштитникот на Охрид.



## Охрид не го заборава Михајло Пупин

Членови на ЛК „Лихнидос“ поставија нова пригодна спомен – плоча пред камбанаријата на црквата Св. Богородица Перивлепта, посветена на Михајло Пупин. Пред точно сто години, големиот научник и пронаоѓач од светски глас, Михајло Идворски Пупин, донирал средства за изградба на оваа камбанарија, како и за лиење и поставување на големото ѕвоно, во тоа време најголемо на Балканскиот полуостров.




## Замина доајенот на охридското новинарство Симон Илиевски

По кратко боледување, во 66-та година од животот почина познатиот новинар Симон Илиевски. Беше еден од доајените на охридското новинарство со богата професионална кариера во која го красеше препознатлив стил на изразување. Како новинар и дописник од Охрид за повеќе редакции остави огромен број новинарски натписи, радио и тв прилози, документарни и други емисии. Беше и претседател на Регионалната канцеларија на Здружението на новинари на Македонија за Охрид и Струга.





# Семејна винарија "Стојан и синови"

## Традиција во производство на вино - Шутароски

## "Чекоштина" - Охрид, Македонија

Сместени во непосредна близина на пештерската црква св.Еразмо со поглед кон синилото на охридското езерото и белите врвови на Јабланица живее интересна приказна за виното која сакаме да ја споделиме со сите добронамерници и позитиви на денешното живеење.













**Ве очекуваме на ново винско искуство!**

**www.sswinery.com**

# ОХРИЃАНКА ГО ПОДОБРИ МАКЕДОНСКИОТ РЕКОРД ВО ДЛАБИНСКО НУРКАЊЕ

Во морските води кај „Gili Trawangan“, најголемиот од трите малечки острови во близина на живописниот брег на Бали, Индонезија, охриѓанката Симона Трповска на два пати го подобри рекордот во техничко нуркање на Македонија, поставен во 2022 година во Египет каде тогаш таа се спушти на длабочина од 102 метри.

Најпрвин на 4 август Симона се нурна на 104 метри, а два дена подоцна се спушти на длабочина од 117 метри, поставувајќи нов македонски рекорд.

Симона во новиот подвиг нуркаше со Вил Гудман кој го држи светскиот рекорд во најдолго нуркање во отворен круг во солена вода од 48 часа и 8 минути.





Симона Трповска е успешна млада личност која води сопствена фирма за консалтинг и пристап до финансии, И-ДС Коучинг и Консалтинг дооел, а нуркањето и е големо хоби. Со овој спорт се занимава рекреативно од 2007 година, а со техничко нуркање од 2021 година.



# ТК „ХВА РАНГ ИТФ" ГО ПОЗЛАТИ МАКЕДОНСКИОТ СПОРТ

Младите спортисти од Таеквон-до клубот „Хва Ранг ИТФ" од Лескоец 2023 година ја испишаа со златни букви.

Во април на Европското првенство што се одржа во италијанското летувалиште Јесоло, Христијана Парулеска се закити со два медала, злато во борба и сребро во категоријата борба со замислен противник.

Парулеска имаше повеќе од успешен настап и на Светско Таеквон-до ИТФ првенство што се одржа оваа година во Астана, Казахстан, каде освои бронзен медал во спаринг борби во конкуренција на јуниорки од 14 до 15 години.

Таеквон-до клубот „Хва Ранг ИТФ" оваа година освои бројни одличја на значајни



меѓународни натпревари, што само го потврдува квалитетот на овој спортски колектив. Клубот е успешен организатор на Меѓународниот Таеквон-до ИТФ турнир "ОХРИД ОПЕН" и дава значаен придонес за репрезентацијата.



# РЕСТОРАН „СВ. СОФИЈА“ - 35 ГОДИНИ УСПЕШНА УГОСТИТЕЛСКА ПРИКАЗНА

Култниот ресторан „Св. Софија“ на охридското семејство Пендовски, триесет и пет години испишува успешна угостителска приказна. Лоциран во срцето на Стариот град, непосредно до древната црква „Св. Софија“ ресторанот на Митко Пендо (Димитри Пендовски) три и пол децении е омилено место на генерации охриѓани и намерници од сите страни на земјава и светот.

Иако идејата да отворат семеен ресторан датира од порано, семејството Пендовски ја реализира во 1988 година, кога тогашниот систем овозможи и таков вид бизнис. И така започна приказната на „Св. Софија“, на почеток со триесеттина места, па низ годините се менуваше и проширувaше, за денес да е тоа што е, ресторан со исклучитено реноме и додадена вредност на охридскиот туризам.

Низ годините во ресторанот „Св. Софија“ поминале многу гости, меѓу кои и многу познати и славни личности, премиери, претседатели, министри, странски државници, претставници на дипломатскиот кор, но и познати музичари, актери и други јавни личности.









Со „Св. Софија“ поврзани се многу настани и приказни кои со задоволство се раскажуваат и прераскажуваат. Но, една е посебна. Тука е возобновена традицијата за масовното чествување на празникот над празиците во Охрид, Богојавление – Водици на почетокот на деведесеттите години од минатиот век. Празникот се слави во цел Охрид и пошироко, но на едно место е посебен, во „Св. Софија“, на изворот на оваа убава традиција, каде секоја година по осветувањето на езерските води свратува фаќачот на крстот со неговата тајфа.

Триесет и пет години се бројка за секој бизнис, особено за угостителство, што само го потврдува успехот на ресторанот „Св. Софија“, автентична охридска приказна која трае.

# ПЕТ ГОДИНИ УСПЕШНА КУЛТУРНА ПРИКАЗНА

## КИ „5 ДО 12“ - КУЛТУРНО ОСВЕЖУВАЊЕ ВО ЖИВЕЕЊЕТО НА ОХРИД

Културолошката иницијатива „5 до 12“ пет години успешно ја збогатува и надградува културната сцена во Охрид. Алтернативното културно лето кое изобилува со креативни настани кои се повеќе го привлекуваат вниманието на јавноста од година во година, е само еден сегмент од бројни успешно реализирани проекти на КИ „5 до 12“ кои полека се етаблираат во културната понуда на градот.

Овие 5 години ги одбележа едно дружење на младите. Тие го препознаваат тоа што го работиме, а нас ни е многу мило што ова го работиме.

Многу се радуваме кога гледаме како другите уживаат во нашите настани и на кое ниво од година во година напредуваме, велат ентузијастите од КИ „5 до 12“, кои во разни форми се дел од најзначајните културни настани во Охрид.




# ЧУВАРИ НА ТРАДИЦИЈАТА

## 40 ГОДИНИ КУД „ОТЕКС“

Културно уметничкото друштво „Отекс“ од Охрид четири децении успешно ги негува фолклорот и традицијата кои се нераскинлив дел од македонскиот идентитет.

Друштвото во овој период има реализирано бројни настапи и турнеи низ земјава и надвор од неа, каде со успех го претставува македонскиот фолклор.

Јубилејот 40 години постоење, КУД „Отекс“ го одбележа во октомври со целовечерен концерт на кој учество зедоа неколку генерации на играорци и музичари кои биле дел од ансамблот сите овие години.



ASPPAK
RASCHEL AND MONOFILAMENT FABRICS

ЈАНУАРИ СПОРТ 2023

**Монографија за десетте препливувања на Марко Пејчиновски**

Монографијата насловена како „Одисеја 2022“ во себе ги содржи деталите за подвигот на Марко Пејчиновски изминатото лето кога преплива десет пати разни релации на Охридското Езеро во вкупна должина од 250 километри. Монографијата има и англиска верзија.






**ГРК Охрид се засили со тројца играчи**

Алжирскиот репрезентативец Абдерахим Будрали, најдобриот стрелец во словенечкото првенство Гал Цирар и турскиот репрезентативец Ерај Каракоч, ги засилија редовите на ГРК Охрид на полусезоната од натпреварувачката 2022/23.

**Две засилувања во нападот на ГФК Охрид**

Напаѓачите Хусеин Демири (27) и Алтин Лога (33) ги засилија редовите на ГФК Охрид Лихнидос на полусезоната од првенството во Втората фудбалска лига.





**Македонија на ЕП во ракомет**

Македонската машка ракометна репрезентација во јануари зеде учество на 28. Светско првенство, кое заедно го организираа Полска и Шведска. Македонија не ја мина групата и играше во утешниот Президент куп во кој немаше забележителни резултати.

ФЕВРУАРИ СПОРТ 2023

**АК Охрид во одлично светло**

На Националното фрлачко првенство кое се одржа во Скопје Стефан Стефаноски со нов личен резултат од 47.07м го освои првото место во дисциплината копје, а во ѓуле беше втор. Блаже Љушев го освои третото место во фрлање копје, додека Искра Мацоска освои две трети места во фрлање ѓуле и фрлање копје.





**Јаковлев спортист на годината**

На пригодна свеченост Град Охрид за спортист на годината го прогласи Наум Јаковлев од карате клуб „Фудошин“, Јулијана Николиќ постхумно беше прогласена за спортска легенда, а ГКК „Охрид“ ја освои наградата за спортска приказна на годината.

**АМС ја призна МТТФ**

Агенцијата за млади и спорт и додели решение за дејност на Македонската традиционална таеквондо федерација што веќе 31 година го негува таеквондото како спорт. Првиот Таеквондо клуб беше отворен на 22 февруари 1992 година во Охрид, под името Таеквондо клуб „Мастер” Охрид.





**Извонредна навивачка кореографија**

Фудбалското дерби помеѓу Охрид и Вардар го одбележаа најверните навивачи на двата клуба. „Рибари“ истакнаа прекрасна кореографија посветена на големиот македонски револуционер од Охрид Христо Узунов.

**Државно првенство во таеквондо во Охрид**

Во Охрид се одржа првото државно првенство Такевондо ИТФ во организација на охридскиот таеквондо клуб „Мастер“, а под покровителство на Општина Охрид, на кое учествуваа 63 натпреварувачи од 5 клубови од Македонија.



**Градскиот стадион времено затворен**

Од 23 до 31 март фудбалскиот терен на градскиот стадион „Билјанини Извори” беше затворен за користење поради подобрување на условите за тренирање и натпревари на фудбалските тимови.





**WT Таеквондо турнир „Охрид Опен 2023“**

200 натпреварувачи беа дел од интернационалниот WT Таеквондо турнир „Охрид Опен 2023“. Во борби во сите категории учествуваа натпреварувачи од 15 клубови од 4 земји од регионот.



**Екс фудбалер од Премиер лигата и менаџер во посета на Воска Спорт**

Поранешниот напаѓач на англиската репрезентација и на познати клубови како Лидс Јунајтед, Шефилд Јунајтед, Мидлсброу, Вест Хем, Сандерленд и Бенфика, Брајан Дин, беше во дводневна посета на Охрид и ФК Воска Спорт.





**Голема промоција на „Охрид трчат“ во Белград**

На иницијатијава на почесниот конзул на Србија во Охрид, Мишо Филев, во српската претстолнина отпатуваа педесеттина спортисти од Охрид и претставници на АК Охрид трчаТ, кои зедоа учество на 36. Белградски маратон, а клубот имаше одлична презентација на експото што се одржа во рамки на манифестацијата.



**Охриѓанка на тронот на Европа**

Христијана Парулеска во финалето на Европското првенство што се одржа во италијанското летувалиште Јесоло во борба до 50 килограми ја совлада репрезентативката на Украина и се искачи на континенталниот трон. Претходно таа освои сребрен медал во борба со замислен противник.





**Охриѓани сјајни на детското државно првенство**

На Државното детско карате првенство кое се одржа на 8 април во Крива Паланка, организирано од Карате Федерација на Македонија, карате клубот “Кун-су-то” од Охрид учествуваше со пет натпреварувачи и освои една златна и два сребрени медала.



**Шоу на вода на охридските навивачи**

Караорман минимално со 1:0 го совлада Охрид во Езерското дерби од 23 коло од Втората лига кое мина во знакот на охридската навивачка група „Рибари“ која на гостувањето во Струга пристигна со брод и катамарани и приреди шоу за паметење на Охридското Езеро.



## МАЈ СПОРТ 2023

**Вардар преку Пелистер до Куп титулата во Охрид**

Во финалето од купот на Македонија во ракомет што се одигра во салата „Билјанини извори“ во Охрид, Вардар го совлада Еурофарм Пелистер со 26:25 и ја одбрани титулата во купот.





**Прволигашката кошарка се враќа во Охрид**

Во мајсторката што се одигра во салата „Билјанини извори“, ГКК Охрид славеше над Соколи 1933 од Штип со 64:55 во полуфиналната серија, со што обезбеди учество во Првата лига во сезоната 2023/24.



**Ветараните на Охрид подобри од Црвена Звезда**

Фудбалско уживање приредија ветераните на Охрид и Црвена Звезда кои одиграа ревијален натпревар на стадионот „Билјанини извори“. Славеа домаќините со 3:1, иако резултатот беше во втор план.





**5. издание на „Охрид Ултра-Треил“**

На падините на планината Галичица, последниот викенд од мај се одржа јубилејното петто издание на планинската ултрамаратонска трка Охрид Ултра-Треил на која триумфираше Иван Радев од Македонија – 14:36:17ч.

## ЈУНИ СПОРТ 2023

**Стефче Алушовски нов тренер на ГРК Охрид**

50-годишниот македонски стратег потпиша за „Гладијаторите“ до 2026 година. Алушовски својата тренерска кариера ја градеше во најдобрите македонски тимови РК Пелистер, РК Еурофарм Работник и РК Вардар, како и во исландскиот Тор Акурејри.






**Дарио Ивановски победник на полумаратонот „Охрид трчаТ“**

Македонскиот атлетичар Дарио Ивановски (1.11.18ч.) победи на полумаратонот што се одржа низ улиците на Охрид, во рамки на Атлетскиот викенд „Охрид трчаТ“ на кој учествуваа близу 2000 тркачи од 28 земји.



**Охриѓани на Светско првенство во спортски риболов на крап**

Екипите на „Урбан карп“ и „Болт“ од Охрид изборија пласман на Светското првенство во спортски риболов на крап, откако на Државното првенство имаа најдобри резултати.





**“ОХРИД ОПЕН 2023”по највисоки стандарди**

Во организација на Таеквон-до клубот “ХВА РАНГ ИТФ”Лескоец, во Охрид се одржа меѓународниот Таеквон-до ИТФ турнир “ ОХРИД ОПЕН 2023”, на кој учество зедоа околу 200 натпреварувачи од 24 клуба од Чешка, Хрватска, Бих, Србија, Бугарија, Албанија и Македонија.

ЈУЛИ СПОРТ 2023

**Лига на шампиони во Охрид**

Фудбалскиот шампион на Македонија, екипата на Струга Трим и Лум, доживеа елиминација во првото квалификациско коло од Лигата на шампиони. На стадионот „Билјанини извори“ во Охрид, Струга Трим и Лум загуби од литванскиот првак Жалгирис 1:2 (0:0).





**АСП ПАК го освои турнирот „Петровден 2023“**

Во финалето на 48. издание на турнирот, што се одигра пред полни трибини, АСП ПАК ја совлада екипата на Вабко Сервис Џуте по изведување на пенали 4:3. Во регуларниот дел мечот заврши нерешено 1:1.



**Иван Тасески нов капитен на ГРК Охрид**

Од сезоната 2023/24, капитен на ГРК Охрид ќе биде пивотменот Иван Тасески. На симболичен начин на почетокот на подготовките, досегашниот капитен Крсте Андоновски му ја предаде капитенската лента на новиот предводник на екипата, Иван Тасески.





**Книга за водените спортови во Охрид**

Во јули беше промовирана книгата „Пловните објекти и веслањето низ историјата на Охридското Езеро“ од Здравко Тупаре, во која се поместени важни податоци за водените спортови со пловни објекти, кои се само мал дел од неговата богата лична архива.



АВГУСТ СПОРТ 2023

**Охрид доби нов адут во туристичката понуда**

Од 19 до 27 август се одржа првото издание на „Ohrid water festival“ со 17 спортски натпревари и богата социјално-едукативна програма со бројни концерти, изложби, слоу-фуд храна и панел дискусија на еколошки теми.





**Рекорди за историја на Охридскиот пливачки маратон**

Италијанецот Алесио Очипинти патеката „Климе Савин“ долга 25 километри ја преплива за рекордни 4 часа, 53 минути, 14 секунди, додека во женска конкуренција французинката Каролин Жуис триумфираше со 5.5.59ч., што исто така е нов рекорд.



**Охриѓанката Парулеска освои бронза на Светско првенство**

Македонскатата репрезентативка во традиционално таеквондо, охриѓанката, Христијана Парулеска освои бронзен медал во спаринг-борби за јуниорки од 14 до 15 години на Светското превенство што се одржува во Астана, Казахстан.





**Еурофарм Пелистер победник на Меморијалниот турнир „Крсте Андоновски“**

Во финалето на турнирот што се одржа од 23 до 26 август во Охрид, актуелниот македонски првак и учесник во Лигата на шампионите го совлада Олимпијакос од Грција со 30:27. На второто издание на турнирот учествуваа 8 екипи.

## СЕПТЕМВРИ СПОРТ 2023

### Џигероски и ГФК Охрид се разделија

Тренерот Пепи Џигероски и ГФК Охрид Лихнидос во септември ја прекинаа соработката по серијата неповолни резултати за клубот. Неговото место го заседе дотогашниот помошник тренер Александар Толески.



### Лушески ја одбрани титулата на „Езерска кралица 2023“



На традиционалниот шаховски турнир „Езерска кралица 2023“ што се одржа во хотел Дрим во Струга на највозрасниот турнир првото место го освои охриѓанецот Констанин Лушески од Ш.К. „Ласкер“ – Охрид, на кого ова му е втора титула по ред во конкуренција до 18 години.

### III-та Меѓународна едриличарска регата

На „International Ohrid Sail-ing Regatta” што се одржа во организација на Здружението за спортско едрење „Акватика Јахтинг“- Охрид, со поддршка на Едриличарската Федерација на Македонија, О. Охрид и Агенцијата за спорт и млади се одржаа натпревари во класите „Оптимист“, „ILCA 4“ и „класата 470“.



### Успешно прво издание на Пештани Екстрим Вертикал 2023



На дводневниот настан што се одржа во организација на АК „Охрид трчаТ“, учество зедоа над 100 натпреварувачи од 6 земји, а најдобри времиња на главната трка остварија Ефф Ван Донген -Холандија 59:19.04 и Златко Николов - Македонија 59:34,06.

## ОКТОМВРИ СПОРТ 2023

### Убедлива победа на ГРК Охрид во Езерското дерби

Ракометарите на Охрид забележаа високаа победа во Езерското дерби со Струга. Во рамки на 8 коло од групата А во Супер лигата, во салата „Билјанини извори“, ГРК Охрид – РК Струга 30:20, полувреме 13:09.



### Реконструирано игралиштето во Подмоље



Извршена е целосна реконструкција на постојното повеќенаменско игралиште во Подмоље. Дополнително изградено е и комплетно ново детско игралиште кое е опремено со соодветни реквизити.

### Охридските боксери повторно во врвот

Во последното коло од бокс лигата на Р.М. најдобриот боксер на охридскиот клуб “Алексо Огненовски”, Енис Алиу, во рамки на првата лига по втор пат го совлада противникот од клубот „Универзалци“ Стефан Цингуровски со прекин во втората рунда, и ја заврши сезоната без пораз.



### Лицата со попреченост се рекреираа на Галичица



На планинарската тура од с.Елшани до с.Горно Коњско во должина од 6 км учествуваа лица со посебни потреби и нивните родители. Целта на настанот организиран од „Тајните на моето срце“ и здружението на планинари „Великамен“, е подигнување на свеста за лицата со посебни потреби.

**Охридските боксери доминантни на Државното првенство**

Охридските боксери од клубот „Алексо Огненовски" на првенството настапија со 8 натпреварувачи и обезбедија 7 финалиња. Државни прваци и освојувачи на златни медали станаа Петар Трајчески, Димитар Ѓорески, Енис Алиу и Жарко Јакимоски.





**Ново засилување на ГКК Охрид**

Клубот потпиша договор со американецот Тајрон Лајонс. Роден е во Емитвил, Њујорк, висок е 201 сантиметар и игра на позицијата бек. Претходно Тајрон Лајонс настапуваше за екипата на Металац Ваљево од Србија.



**III Општинско првенство во шах**

По повод 7 Неоември – Денот на ослободувањето на Охрид, во просториите на ООУ „Братство Единство Охрид", во организација на ШК „Ласкер" Охрид, со подршка на Општина Охрид, се одржа III Општинско првенство во шах „7 НОЕМВРИ – 2023" на кое триумфираше Стојан Велкоски со 6 поени од 7 партии.





**Таеквондистите редат медали**

Македонската Таеквон-до репрезнетација составена од бројни натпреварувачи од Охрид, освои 4 медали на престижниот турнир „Моравиа Опен 2023" во Острава. Најуспешна беше Елена Јанеска која во спаринг за јуниорки над 64 килограми освои злато, а беше сребрена во категоријата борби со замислен противник.



**ГРК Охрид со два бода влегува во плеј-офот**

"Гладијаторите" од 2 позиција со два бода влегуваат во плеј-офот од Супер лигата во желба да се обезбеди пласман во ракометна Европа. На почетокот од разигрувањето Охрид гостува во Скопје на екипата на Бутел.





**Втор Конгрес на нуркачи во Охрид**

Нуркачи, припадници на специјалните единици Тигри и Волци, на Капетанија на пристаништа, полициските станици, претставници од областа на хипербаричната медицина, разменија искуства за безбедно нуркање на Вториот конгрес на нуркачи што се одржа во Охрид во организација на Клубот за подводни дејности „Охрид".



**Охридските риболовци на врвот во 2023 година**

Прво место во дисциплината „Крап", и државни прваци со најголема уловена риба освоија членовите на ЗРР СК „Св. Апостол Петар" – Охрид, Кирил Марин и Јован Јолакоски, а Марио Петкоски, Александар Илоски Стефан Спирковски во истата дисциплина го освоија 3-то место.





**Злато за охриѓанката Теодора Митреска**

Теодора Митреска од охридскиот клуб „Мастер" се закити со златен медал и пехар за најдобра јуниорка на Европскиот таеквондо куп „9 КИНГ ОФ ТАЕКВОН-ДО" што овој декември се одржа во Солун, Грција.

KANION
feels like home



PE LOGISTIC

**ОВЛАСТЕН ЗАСТАПНИК И ДИСТРИБУТЕР**

EUROLAB
INTERNACIONAL



DALVINA
WINERY




ул. 15-ти Корпус | pelogistik@gmail.com | 071 216 640 | 070 311 263